# Службен весник на Република Македонија

**Број 170** 28 декември 2012, петок **година LXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4010. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки(*)............................ | 2 |
| 4011. | **Уредба** за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2012 година........ | 3 |
| 4012. | **Национален план** за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија за период од 2013 до 2018 година........................................ | 4 |
| 4013. | **Одлука** за донесување на Енергетскиот биланс на Република Македонија за периодот од 2013 до 2017 година........................................ | 99 |
| 4014. | **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Град Скопје........................................ | 121 |
| 4015. | **Правилник** за висината на трошоците за испитување на ѓубрињата при контрола на производство, увоз и пласирање на пазарот и употреба........................................ | 122 |
| 4016. | **Правилник** за формата и содржината на барањето заради недонесување на одобрение за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште........................................ | 124 |
| 4017. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата.......................... | 126 |
| 4018. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските услови за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на одобрени линии во меѓуопштинскиот и меѓународниот превоз на патници, издавање, продолжување и одземање на дозволата за одобрена линија, формата и содржината на образецот на дозволата и на возниот ред...................... | 154 |
| 4019. | **Оглас** за избор на јавни обвинители на Република Македонија........................................ | 155 |
| 4020. | **Решение** за почеток со работа од Нотарската комора на РМ........................................ | 156 |
| | **Меѓународни договори** | |
| 51. | **Закон** за ратификација на Осмиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз........................................ | 2 |
| 52. | **Закон** за ратификација на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протоколот за спроведување на финансиска поддршка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција.................... | 13 |

**4010.**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 199 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2005, 4/2008, 48/2010, 158/2010, 44/2011, 53/2011 и 11/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.12.2012 година, донесе

## УРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО ОД ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗНИ ДАВАЧКИ, КАКО И ВРЕДНОСТА, КОЛИЧИНАТА И ВИДОТ ИЛИ НАМЕНАТА НА СТОКАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ ОСЛОБОДИ ОД ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗНИ ДАВАЧКИ (*)

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 117/05, 88/07, 64/08, 28/10 и 38/12) насловот на Глава 4 се менува и гласи: „Предмети со мала вредност испратени од едно физичко лице на друго“.

Член 2

Членот 9 се менува и гласи:

„(1) Стоката испратена од странство од физичко лице која ја прима физичко лице со живеалиште или одобрен престој во Република Македонија е ослободена од плаќање на увозни давачки во согласност со член 194 став (1) точка 3) од Царинскиот закон, доколку вкупната вредност на пратката не го надминува износот од 45 ЕВРА во денарска противвредност, стоката да е испратена бесплатно и таквиот увоз да е од некомерцијална природа.

(2) Кога вкупната вредност на пратката која се состои од два или повеќе предмети го надминува износот од став (1) на овој член, ослободувањето од плаќање на увозни давачки се одобрува до износот утврден во тој став за предметите кои доколку би биле увезени поединечно би биле ослободени од плаќање на увозни давачки.

(3) Кога вредноста на поединечен предмет го надминува износот од став (1) на овој член неговата вредност не може да се подели заради остварување на правото на ослободување од плаќање на увозни давачки до висината на тој износ.“

Член 3

По Глава 30 се додава нова Глава 30-а и два нови члена 84-а и 84-б, кои гласат:

„ГЛАВА 30-а

Пратки со мала вредност испорачани од странство за примачи во земјата

Член 84-а

(1) Стоката со мала вредност содржана во пратки кои од странство директно се испорачани за примачи во Република Македонија е ослободена од плаќање на увозни давачки во согласност со член 196 став (1) точка 16) од Царинскиот закон.

(2) Стока со мала вредност, во смисла на став (1) од овој член е стока чија што вкупна вредност по пратка не надминува 45 ЕВРА во денарска противвредност.

Член 84-б

Ослободувањето од член 196 став (1) точка 16) од Царинскиот закон не се применува за следната стока:

а) алкохол и алкохолни пијалоци,

б) парфеми и тоалетна вода и

в) тутун и преработки од тутун.“

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-9230/1
25 декември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

(*) Со овој подзаконски акт се врши усогласување со Регулативата на Европската унија за воспоставување на систем на Заедницата за ослободување од царински давачки, CELEX бр. 32009R1186